**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# З А П И С Н И К

од Шеснаесетта седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 28.10.2019 година

Скопје, октомври 2019 година

З А П И С Н И К
од Шеснаесетта седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 28.10.2019 година

Седницата започна во 11:20 часот, во Клубот на органите на управата, сала 6.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателката на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација и членовите: Валентина Шаурек, Министерство за правда; Софија Кузмановска, Министерство за економија; Сафет Незири, Министерство за образование и наука; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Атула Касуми, Министерство за политички систем и односи помеѓу заедниците; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово; Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје; Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје и Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи; Андријана Велевска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Ангелина Бачановиќ, Министерство за здравство; Хајрије Сопи, Министерство за култура; Дарко Каевски, Агенција за млади и спорт; Марјан Николов, Центар за економски анализи; Мимоза Богданоска-Јовановска, Македонско научно друштво Битола; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје; Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје; Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Бесим Небиу, Здружение на новинарите на Македонија Скопје и Љупчо Петковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии Скопје.

На седницата присуствуваа и: Јасминка Ангелова (замена за Славјанка Петровска); Весна Б. Синадинова (замена за Анѓелина Бачановиќ); Васка Драшковиќ (замена за Марио Јанчев); Маја Петковска-Лесес од Кабинетот на министерот за комуникации, отчетност и транспарентност; Кристијан Ѓоргиевски, Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска, Весна Тасевска и Загорка Видоевска.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го утврди следниов:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

- Усвојување на Записниците од четиринаесеттата седница, одржана на 27.8.2019 година и петнаесеттата седница, одржана на 24.9.2019 година

1. Барања за престанок на членување во Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор поднесени од Бесим Небиу и Марјан Николов

2. Предлог-деловник за дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

3. Известување за следењето на работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година од членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

4. Отворање на процес на консултации за утврдување на приоритетни области за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

5. Заклучок од 158 седница на Владата на Република Северна Македонија – Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор да номинира двајца претставници со предлог за начинот на кои би се вклучиле во имплементација на еколошката мерка за субвенционирање на граѓаните со високоефикасни инвертер клима уреди за потребите на домаќинствата  во општините Битола. Кичево, Тетово и Градот Скопје, а кои користат енергетски неефикасни уреди за греење во нивните домаќинства кои влијаат на зголемувањето на концентрацијата на PM10 и PM2.5

6. Барање за номинирање на претставник од граѓанскиот сектор за член на Комитетот за управување со сливот на Охридското езеро

7. Барање за присуство на претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија на седниците на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектот

8. Квартален извештај за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 (јули – септември 2019) – за информирање

9. Прв нацрт на Компаративна анализа за моделите на финансиска поддршка на граѓанските организации во земјите од Западен Балкан и ЕУ (за интерна употреба на членовите на Советот)

10. Прашања и предлози

*

*     *

**Точка 1**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ги разгледа Барањата за престанок на членување во Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор поднесени од членовите Бесим Небиу и Марјан Николов и го констатираше нивниот престанок на членување во Советот. За таа цел, членовите на Советот нотираа дека е неопходно Одделението да подготви и објави Јавен повик за избор на двајца членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на граѓанските организации, во областите Економски и одржлив развој и Медиуми и информатичко општество. За учество во работата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат при подготовка на Извештајот за бројот на пријавени организации со кандидати кои ги исполнуваат условите од јавниот повик и листата на кандидати според бројот на добиени гласови во областите „Економски и одржлив развој“ и „Медиуми и информатичко општество“, Советот ги номинираше: Ирена Цветковиќ и Уранија Пировска.

Советот ја разгледа Листата за евиденција за присуство/отсуство на членовите на Советот, подготвена од страна на Одделението и одлучи дека согласно Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, член 9 став 1 алинеја 2, поради отсуство од три седници на Советот во текот на една година, им престанува членувањето во Советот на членовите: Славјанка Петровска од Министерство за внатрешни работи; Хајрије Сопи од Министерство за култура и Дарко Каевски од Агенцијата за млади и спорт. Членовите на Советот побараа од Одделението да изработи писмен допис со кој Советот ќе се обрати до институциите со Барање за номинирање на нови членови на Советот од овие институции. Воедно, Советот побара од Одделението да достави Ургенција до Министерството за финансии бидејќи се уште немаат доставено номинација за член на Советот.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ги разгледа Барањата на Бесим Небиу и Марјан Николов за престанување на членување во Советот и констатираше престанок на нивното членувањето во Советот на 29.10.2019 година

согласно член 9, став 1 алинеја 1 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.

2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да подготви и на 29.10.2019 година да објави Јавен повик за избор на двајца членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на граѓанските организациите во областите „Економски и одржлив развој“ и „Медиуми и информатичко општество“.

3. Се задолжуваат членовите на Советот Ирена Цветковиќ и Уранија Пировска да присуствуваат при подготовка на Извештајот за бројот на пријавени организации со кандидати кои ги исполнуваат условите од јавниот повик и листата на кандидати според бројот на добиени гласови во областите „Економски и одржлив развој“ и „Медиуми и информатичко општество“.

4. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот констатира дека согласно член 9 став 1 алинеја 2 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, поради отсуство од три седници на Советот во текот на една година, се исполнети условите за престанување на членување во Советот на Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи; Хајрије Сопи од Министерство за култура и Дарко Каевски од Агенцијата за млади и спорт.

5. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации да изработи писмен допис со кој Советот ќе се обрати до Министерство за внатрешни работи, Министерство за култура и Агенцијата за млади и спорт за номинирање на нови членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од овие институции.

**Точка 2**

Советот повторно го разгледа Предлог-деловник за дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и со 16 гласа за, од кои 9 гласа од редот на граѓанските организации го донесе во текстот подготвен од Одделението за соработка со невладини организации.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го разгледа и донесе Деловникот за дополнување на Деловник за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, во предложениот текст.

**Точка 3**

Расправата по Извештајот за следењето на работата на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна

Македонија за 2019 година, се одложи за наредната седница на Советот, бидејќи материјалот е во фаза на подготовка од страна на членовите кои ја следеа работата на Комисијата Јане Чаловски и Љупчо Петковски. Јане Чаловски изрази уверување дека до 30.11.2019 година (среда) Извештајот ќе биде доставен до членовите на Советот.

**Точка 4**

Членовите на Советот ги разгледаа Предлог-приоритетите за финансиска поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година, предложени од Одделението за соработка со невладини организации врз основа на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година, заедно со препораките од Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година и предлогот од Одделението при распределбата да се има во предвид аспектот на рамномерен регионален развој, согласно Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година. отворија дискусија.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска го образложи процесот на подготовка и донесување на Програма за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации и информираше дека Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во рамки на програмата „Одржливо граѓанско општество – државно финансирање на граѓански организации" во втората недела на ноември 2019 година ќе организира консултативни средби со граѓанските организации во Битола, Штип и Скопје, за утврдување приоритети за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија во 2020 година. Појасни дека при идентификување на приоритетите за финансиска поддршка Одделението за соработка со невладини организации ја имаше предвид Информацијата за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година и планирани средства во 2019 година, што Владата ја разгледа и усвои во април 2019 година, односно изоставени се области во кои се обезбедува финансиска поддршка на граѓанските организации од органите на државната управа, како што се Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за култура, Министерството за здравство, Министерството за економија, Агенцијата за млади и спорт.

Фани Каранфилова-Пановска истакна дека повеќе државни органи имаат предвидено средства за финансирање на граѓанските организации, но прашање е колку процесот е транспарентен и системски. Смета дека предлозите на Одделението за соработка со невладини организации се премногу широко дефинирани и дека финансиската поддршка на Владата треба да биде во области што не се финансирани од домашни и странски донатори, како што се: образование, здравство, женски прашања, загадување и заштита на животна средина, социјална заштита, ромски права, земјоделство и рурален развој, социјална кохезија итн, и да се обезбеди институционална поддршка на здруженија кои дејствуваат во региони надвор од Скопје. Укажа дека пораките кои ќе произлезат од Анализата што ја подготвува Фондацијата

Отворено општество Македонија ќе влијаат на промената на системот за финансирање, поради што оцени дека во моментов нема потреба од менување на критериумите за финансиска поддршка, туку на приоритетните области за финансирање, да се дефинира кој профил на организации и со колкав годишен буџет треба да учествуваат на огласот.

Сабина Факиќ препорача да се испита мислењето на граѓанските организации преку креирање и дисеминирање на online прашалник, сметајќи дека на овој начин процесот ќе добие масовност и ќе се види интересот на граѓанските организации. Исто така, го повтори својот предлог од 15. седница на Советот, да се ревидира методологијата за оценување на квалитетот на проектите во однос на бројот на бодови за организациска структура и ресурси на организациите и предложи финансиската поддршка да се подели на 8 лотови. Додаде дека не би требало да се цени капацитетот на организацијата за толку мали грантови и дека акцентот треба да се стави на нови граѓански иницијативи, кои ќе генерираат нови јадра на граѓанското учество, со цел да не се охрабруваат исклучиво големите организации и да се мотивираат сериозни идеи на помалите организации.

Ели Чакар оцени дека Огласот за финансиска поддршка на граѓанските организации секоја година треба да служи за постигнување на одредена цел која е стратешки приоритет за државата за тековната година и истиот да се пренесе на локално ниво, исто така додавајќи дека треба да се земе во предвид фактот дека приоритетите на граѓанските организации не секогаш соодветствуваат со приоритетите на Владата. Исто така, Владата треба да стимулира партнерства на организациите кои делуваат локално со општините и партнерства помеѓу самите организации.

Ана Чоловиќ-Лешоска предложи при дефинирањето на приоритетните области да се размисли за вклучување на вкрстени приоритети, односно, поддршка на проекти кои истовремено ќе покриваат две приоритетни области. Исто така предложи организациите кои учествуваат со свои претставници во владини работни групи да добиваат финансиска поддршка по примерот на Германија.

На дискусијата се приклучи и Зоран Илиевски кој истакна дека не треба да се фаворизираат само малите организации, бидејќи тие не секогаш имаат капацитет да спроведуваат програмски активности. Тој предложи поддршката да биде поделена на институционална и проектна поддршка и кофинансирање на грантови финансирани од ЕУ фондови.

Јане Чаловски се надоврза на дискусијата и додаде дека од искуството на следење на процесот на распределба на средствата оваа година, дека Советот треба да даде реални насоки како да се унапреди процесот на финансирање, со цел обезбедување правична и регионална застапеност.

Ирена Цветковиќ ја пренесе реакцијата од Платформата за родова еднаквост дека ниту една организација која работи во оваа област не е финансирана со огласот од 2019 година и дека во иднина Владата би требало повеќе да ги поддржува прашањата поврзани со области кои се малку или воопшто не се финансирани од домашни и странски донатори, за што е потребно да се направи анализа

Лилјана Јоноски истакна дека според анализите голем дел од грантовите се доделени на организации кои делуваат во Скопскиот регион, а многу малку грантови се доделени за руралниот и локалниот развој, поставувајќи го прашањето кој е ефектот од имплементирање на земјоделските политики ако нема граѓански организации кои ќе го следат спроведувањето на резултатите.

Кристина Коневска-Беровска потсети дека дел од државните институции имаат свои буџети за финансиска поддршка на граѓански организации и не би требало да се преклопуваат областите.

Силвија Митевска укажа дека финансиската поддршка од Агенцијата за млади и спорт е насочена кон спортските федерации, а не кон здруженија кои делуваат во областа на спортот.

Душан Томшиќ информираше дека во рамките на повикот за развој на социјални услуги во домот и во заедницата, што се финансираат преку центрите за социјална работа, во вкупна вредност од 10.800.00 евра, во траење од 5 години, Министерството за труд и социјална политика се соочи со фактот дека граѓанските организации на локално ниво немаат доволно капацитет да менаџираат проекти.

Атула Касуми информираше дека во Буџетот на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците за 2020 година се предвидени 12.000.000 денари за проекти на граѓански организации за подобрување на односите меѓу заедниците.

Гордана Димитровска-Гапиќ, укажа на потребата да се почитуваат препораките на Комисијата составена од министри, дека многу важно е прашањето дали ќе се задржат истите критериумите за финансирање и начинот на бодување бидејќи критериумот кој се однесува на капацитетите на организацијата во голема мера влијае на изборот и истиот не е соодветен за малите организации кои на овој начин ја губат можноста да бидат високо рангирани при оценувањето. Таа препорача, по примерот на Отворено владино партнерство, да се организира консултативен процес со граѓанскиот сектор преку online прашалник.

Со оглед дека согласно дискусијата не беше поддржан предлогот материјалот подготвен од Одделението за соработка со невладини организации да биде основа за консултативниот процес со граѓанските организации за утврдување на приоритети за финансиска поддршка во 2020 година, Сузана Никодијевиќ- Филиповска предложи да се формира работна група составена од членови на Советот.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор формира Работна група која треба да предложи приоритети за финансиска поддршка на граѓанските организации од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија во 2020 година, методологија и критериуми за распределба на средствата, во состав:

- Гордана Гапиќ- Димитровска;
- Лилјана Јоноски;
- Ана Чоловиќ-Лешоска;
- Зоран Илиевски и
- претставник од Одделението за соработка со невладини организации.

## Точка 5

Во врска со Заклучокот од 158. седница на Владата – Советот да номинира двајца претставници со предлог за начинот на кои би се вклучиле во имплементација на еколошката мерка за субвенционирање на граѓаните со високоефикасни инвертер клима уреди за потребите на домаќинствата во општините Битола. Кичево, Тетово и

Градот Скопје, а кои користат енергетски неефикасни уреди за греење во нивните домаќинства кои влијаат на зголемувањето на концентрацијата на PM10 и PM2.5, Ана Чоловиќ-Лешоска извести дека за оваа цел консултирала мрежа од 90 граѓански организации кои работат во областа на животната средина. Во предвидениот рок добиени се три апликации кои ги исполнуваат условите за вклучување во имплементација на мерката и предложи Советот да номинира тројца кандидати. Ваквиот предлог беше поддржан од останатите членови на Советот.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за претставници во имплементацијата на еколошката мерка за субвенционирање на граѓаните со високоефикасни инвертер клима уреди за потребите на домаќинствата во општините Битола. Кичево, Тетово и Градот Скопје, а кои користат енергетски неефикасни уреди за греење во нивните домаќинства кои влијаат на зголемувањето на концентрацијата на PM10 и PM2.5, ги номинира: Марио Вељковиќ од Движење за околината Молика Битола, Аријанит Џафери од Еко Герила Тетово и Билјана Дуковска од Македонска платформа против сиромаштија-МППС Скопје.

**Точка 6**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го одложи од разгледување Барањето за номинирање на претставник од граѓанскиот сектор за член на Комитетот за управување со сливот на Охридското езеро, со укажување членот на Советот од областа на заштита на животната средина, Ана Чоловиќ-Лешоска, да побара од мрежата на граѓански организации во оваа област да достават пријави на кандидати, со биографија и профил на организацијата, што Советот ќе ги разгледа и ќе донесе одлука за номинирање по пат на електронска седница.

**Точка 7**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го разгледа и прифати Барањето за присуство на претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија на седниците на Советот.

**Точка 8**

Сузана Никодијевиќ-Филиповска накратко ги информираше членовите на Советот за степенот на реализација на мерките и активностите предвидени во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020, во периодот јули – септември 2019. Со оглед дека доцни реализацијата на мерките за измена на Законот за здруженија и фондација и Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, препорача членот на Советот од Министерството за правда ова да го има во предвид при подготовка на иницијативи од министерството за Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија

за 2020 година. Дополнително информираше дека здружението Конект организираше повеќе консултативни средби со граѓански организации и по остварени консултации со Министерството за финансии, во завршна фаза се со подготовка на предлог за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

**Точка 9**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, на барање на претседателката на Советот, го одложи од разгледување првиот нацрт на Компаративната анализа за моделите на финансиска поддршка на граѓанските организации во земјите од Западен Балкан и ЕУ, бидејќи материјалот се уште е во изработка.

**Точка 10**

Сабина Факиќ информираше дека членовите на работната група изработиле Нацрт-План за комуникација на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и предложи да биде разгледан на наредната седница на Советот, а потоа да биде организиран консултативен процес со граѓанските организации. Планот за комуникација ќе придонесе за поголема видливост на Советот.

Ана Чоловиќ-Лешоска побара на наредната седница на Советот да се разгледа вклучувањето односно невклучувањето на граѓанските организации во неколку иницијативи и закони, како што се Законот за климатска акција, Националниот план за климатска акција и други, и да се разгледа можноста за реакција на оваа тема од страна на Советот.

Седницата заврши во 15:00 часот.

Следната седница на Советот ќе се одржи на 25.11.2019 година, во 11:00 часот.

Претседателка на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвиле: Загорка Видоевска
Весна Тасевска
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска